Врз основа на член 16 од Законот за изменување и дополнување на Законот на здравствена заштита ( Сл.весник на РМ. Бр.88/010) Медицинскиот факултет при УКИМ во Скопје објавува:

# К О Н К У Р С

## За прием на кандидати на специјализација по специјалноста семејна медицина и за доедукација на здравствени работници-избрани лекари

Медицинскиот факултет во Скопје при Универзитетот "Св.Кирил и Методиј"-Скопје, за 2010 година, ќе врши прием на:

- 20 кандидати за специјализација по Семејна медицина
- 30 кандидати за доедукација во центарт за Семејна медицина во Скопје
- 30 кандидати за доедукација во центарот за КМЕ во Прилеп

**Услови и критериуми за прием на специјализација по Семејна медицина**:
- Завршен медицински факултет
- Положен стручен испит
- Стекната основна лиценца

**Услови и критериуми за прием на доедукација**
- Завршен медицински факултет
- Положен стручен испит
- Стекната основна лиценца
- Работно искуство во дејноста Општа медицина или работа како избран лекар минимум 3 години
- Предност ќе имаат кандидати кои завршиле Работилница за обука на едукатори по семејна медицина или се избрани за едукатори во ПЗЗ.

Доедукацијата ќе се обавува според усвоената програма. Еднодневните модули ќе се реализираат за викенди во Центрите за КМЕ во Скопје/Прилеп а практичниот дел ќе се обавува во болнички оддели во Клиничкиот Центар Скопје и утврдените амбуланти.

**Рок за пријавување**: 8 дена од објавување на конкурсот.

**Документи за пријавување:**

- диплома и уверение за завршен Медицински факултет (нотаризирани)
- Уверение за положен стручен испит и основна лиценца;
- Потврда од Завод за вработување доколку кандидатот е невработен;
- Упатница и копија од М1/М2 образец од Здравствена установа доколку кандидатот е вработен во истата:
- Потврда за работен стаж од матичната здравствена установа .

Програмите за специјализација и доедукација може да се најдат на **www.medf.ukim.edu.mk**

ОД МЕДИЦИНСКИ ФАКУЛТЕТ ПРИ УКИМ- СКОПЈЕ